Врз основа на одредбите од членот 7 од Правилникот за автоспортови на АФМ, поради усогласување на работите поврзани со стручните и техничките прашања во авто-спортот на територијата на Република Македонија, а во согласност со членот 32 од Статутот, Одборот за авто-спорт на АФМ го утврди составот на Техничката комисија, обемот на нејзината работа, ги одреди нејзините надлежности и го одобри овој

# ТЕХНИЧКИ ПРАВИЛНИК ЗА АВТОСПОРТ НА АФМ

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Техничкиот правилник за авто-спорт на АФМ (во понатамошниот текст Технички правилник) е основен збир на правила со коишто е регулирано делувањето и вршењето должност на судиите од техничка струка , на коишто мора да се придржуваат сите подолу спомнати субјекти поради правилно одвивање на натпревари коишто се под надзор на АФМ.

Со овој Технички правилник се уредуваат:

**I** Основните одредби
**II** Организацијата на Техничката комисија за авто-спорт
**III** Водителите на Техничката комисија на организаторот (ТКО)
**IV** Техничката комисија на Организаторот
**V** Основите на техничката исправност на возилото
**VI** Техничкиот прием
**VII** Вонредната контрола
**VIII** Завршната техничка контрола на натпреварот
**IX** Текот на техничката контрола по приговори

**Член 2**

На основа на одредбите на овој Технички правилник на АФМ, Техничката комисија пред секоја сезона донесува Додаток на Техничкиот правилник за авто-спорт (во понатамошниот текст Додаток на ТП).

Со Додатокот на ТП се одредуваат техничките услови, односно дополнување на важечките технички услови за натпреварувачките возила и опремата на пилотите а коишто се однесуваат за распишаните дисциплине во авто-спортот за тековната година. Техничките услови не може да се менуваат во текот на натпреварувачката сезона.

Од овие одредби се исклучуваат само одредбите за сигурност коишто може да се применуваат веднаш по усвојувањето и објавувањето на рокот на почетокот на примената на Техничката комисија за авто-спорт.

**Член 3**

Одредбите на овој Технички правилник се усогласени со соодветните Правилници на Меѓународната автомобилистичка организација - ФИА и со соодветните правилници на АФМ. Прашањата коишто не се уредени со овој Технички правилник и со Додатокот на ТП за тековната година, а се во врска со натпреварувачките возила и опремата, ќе се решаваат со примена на соодветните правилници на АФМ и со соодветните правилници на ФИА.

**Член 4**

На сите натпревари коишто се одржуваат под надзор на АФМ, сите пилоти, копилоти, натпреварувачи, судии и лицата коишто ги подготвуваат натпреварувачките возила (механичари) должни се да ги почитуваат неговите одредби.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТЕХНИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА АВТО-СПОРТ

**Член 5**

Техничката комисија за авто-спорт на АФМ (во понатамошниот текст ТКАС) е стручно тело на Одборот за автос-спорт на АФМ коешто работи според својот Деловник.

Одлуките донесени на седниците на ТКАС задолжително ги спроведуваат сите членови на Техничката комисија без оглед на личниот став којшто е заземен на седниците кога се расправало за предлогот на одлуката. Одлуките ги потврдува Одборот за авто-спорт.

**Член 6**

ТКАС на АФМ ја сочинуваат Претседател, Заменик-претседател и еден член. ТКАС на АФМ ја именува ОАС, а од редовите на судии со положен или признат стручен испит.

На предлогот на ТКАС, ОАС ги именува водителите на ТКО по посточките дисциплине како и за дисциплините коишто ќе влезат во бодовниот состав на натпревари за Првенството на Македонија. Мандатот на членовите на комисијата е 4 години, со можност за повторен избор.

Техничката комисија може да се служи со услугите на секретарот за спорт на АФМ ако тоа е нужно поради обемот на работата.

**Член 7**

Техничката комисија ги врши следните работи и задачи:

- го изработува Додатокот на Техничкиот правилник за секоја натпреварувачка сезона
- соработува со останатите стручни комисии на АФМ
- во соработка со ОАС, ги распоредува водителите на ТКО за поединечни натпревари
- ги прати годишните промени коишто ФИА ги усвојува, особено

Додатокот "J" и редовните Билтени коишто ФИА ги издава месечно. За сите технички промени ги известува членовите на АФМ по пат на соодветни известувања на ТКАС

- соработува со произведувачите на возила и со специјализираните спортски сервиси
- именува овластени Организации, фирми и лица за извршување атестирање на натпреварувачките возила и опрема
- соработува со Комисијата за судии при донесување на Програмата за полагање испит за техничките лица на натпреварувањата и го врши практичното испитување на кандидатите
- соработува со ОАС за сите технички прашања пратејќи го развојот на авто-спортот во светот и предлага најдобри решенија
- по потреба, изработува Упатства за работа на Техничката комисија на Организаторот

## III. ВОДИТЕЛ / ПОМОШНИК НА ВОДИТЕЛОТ НА ТЕХНИЧКАТА КОМИСИЈА НА ОРГАНИЗАТОРОТ (ТКО)

**Член 8**

Должност на водителот на ТКО односно на помошникот-водител, на натпреварите коишто ги распишува АФМ, ги извршуваат само именувани судии според посебниот распоред којшто се објавува пред почетокот на натпреварувачката сезона. Во случај на спреченост, за којашто мора да биде известен Претседателот на ТКАС, најмалку 5 дена пред почетокот на натпреварот, ТКАС ќе именува заменици. Одлуката за тоа, во пишана форма, ја донесува Претседателот на ТКАС и преку АФМ го известува Организаторот на натпреварот.

Ако на некои натпревари не се појави водител на ТКО и / или негов заменик, таа должност можат да ја извршат судиите од техничката струка коишто се затекнале на самото место, а се наоѓаат на листата на судии - техничари, што мора записнички да се констатира на I-та седница на жирито на натпреварот.

Организаторот на натпреварот должен е да достави Посебен правилник на истиот водител на ТКО и на Претседателот на ТКАС најмалку 30 дена пред датумот на одржување на натпреварот.

**Член 9**

Водителот на ТКО / помошник -водителот ги има следниве должности:

- пред почетокот на работата на ТКО на организаторот на натпреварот да прегледа дали Организаторот обезбедил соодветен простор за прием на возилата и парц ферме
- подготвил работилница
- на барање на АФМ или на Организаторот на натпреварот пред почетокот на натпреварите да изврши технички прием на сите натпреварувачки возила
- не дава никому службени информации освен на Претседателот на жири или на Директорот на натпреварот

- подготвува и со полна одговорност потпишува Извештаи и ги предава на горespоменатите лица коишто даваат понатамошни упатства како да се постапи
- употребува мерни инструменти коишто ги пропишала ТКАС
- по завршување на натпреварот поднесува Извештај на Претседателот на ТКАС со оценка за условите за работа и кооперативноста на Организаторот
- да поднесе Дисциплинска пријава против Организаторот и одговрниото лице, ако не се обезбедени потребните услови за работа на водителот на ТКО и неговите помошници и ако е на кој било начин оневозможен во вршењето на својата должност.
- да биде присутен на седниците на Жирито на натпреварот.
- да донесе на натпреварот мерна опрема и посебен алат за извршување на техничкиот прием и преглед.
- помошникот (еден или повеќе) може да биде во функција на водител на ТКО на некој куп-натпревар. Тоа значи дека тој може да врши проверки и завршни прегледи на возилата на предметниот куп-натпревар и за тоа да го извести водителот.

**Член 10**

ТКАС препорачува употреба на образец како "Молба за издавање - продолжување на КНВ"; "Записник за извршен преглед на возилото" и "Приговор на техничката исправност на возилото" коишто можат да се добијат кај водителот на ТКО.

**Член 11**

Кога член на Техничката комисија, односно водителот на ТКО патува по задача, трошоците ги подмирува АФМ или Организаторот на натпреварот, во зависност од целта на патувањето:

- за службени седници на Техничката комисија или помош при некои натпревари на АФМ
- за извршување на задачата како водител на ТКО на натпревар, организатор на натпревар

Организаторот на натпреварот е должен на водителот на ТКО да му исплати трошоци според пресметката којашто ја поднесува водителот на ТКО, најдоцна на последната седница на Жирито или пред поделбата на признанијата. Неизвршувањето на ова мерка на време и во целост повлекува дисциплинска одговорност за Организаторот на натпреварот, со испорачување пресметка за дополнителните трошоци коишпто можат да произлезат од тоа.

Трошоците на помошникот-водител на ТКО (освен помошникот којшто претставува технички водител на куп) и трошоците на донесување опрема на ТКАС ги подмирува Организаторот. Доколку судиите-техничари доаѓаат на натпреварот од исто место се препорачува употреба на заедничко возило.

# IV. ТЕХНИЧКА КОМИСИЈА НА ОРГАНИЗАТОРОТ

**Член 12**

Техничката комисија на организаторот (ТКО) со водителот на ТКО на чело, извршува преглед (контрола) на сите возила пред, за време на и по натпреварот, поради утврдување дали одговараат возилата и опремата на пропишаните технички и безбедносни барања.

За службените податоци, водителот на ТКО го известува Жирито и Директорот на натпреварот во пишана форма, поради донесување на нивните одлуки или добивање на понатамошни упатства.

**Член 13**

ТКО мора да има во својот состав најмалку три, односно четири члена. На чело на ТКО е водител со специјалистичка лиценца на технички судија од листата на судии-техничари којашто ТКАС ја објавува пред почетокот на натпреварувачката сезона.

Друго лице е помошник-водител на ТКО којштo исто така се наоѓа на листата на судиите на ТКАС. На меѓународни натпревари во дисциплините А01, А02 и А03 Организаторот е должен да обезбеди уште еден помошник.

На Организаторот треба да му се обезбеди уште едно стручно лице (авто-механичар, кандидат за судија-техничар и сл.)

Дополнително, ТКО во својот состав треба да има и помошник којштo е од Организаторот на некој куп е имануван да се грижи за исправноста на возилата на тој куп. Овој помошник не мора да биде судија-техничар на АФМ, но мора да биде стручно лице (техничко) лице коешто ги познава Техничкиот правилник и возилото за предметниот куп.

**Член 14**

Во дисциплината А07 (оценско рели) ТКО е составено само од водител којштo мора да има лиценца на судија -техничар. Донесување на стандардната мерна опрема на ТКАС не е задолжително, но техничарот мора да има можност, по потреба, точно да ја измери должината на возилото.

**Член 15**

Наодот на ТКО којштo содржи забележана техничка неисправност на возилото или на опремата, со предлогот на водителот на ТКО во врска со решавањето на предметниот случај, се доставува до Директорот на трката или до кој било член на Жирито во пишана форма.

Жирито на натпреварот донесениот предлог или одлука ќе ги верификува и ќе нареди нивно спроведување.

## V.ОСНОВИ НА ТЕХНИЧКАТА ИСПРАВНОСТ НА ВОЗИЛОТО

**Член 16**

Основата за утврдување на техничката исправност на возилото ја сочинуваат:

1. Хомологациски листови на возилото со додатоци (оригинали)
2. Додатокот "J" од ФИА ИСЦ / (Прирачник на ТКАС)
3. Додатокот на Техничкиот правилник на АФМ за тековната година
4. Книшката на натпреварувачкото возило
5. Закон за безбедност во сообраќајот со пратечките акти (А03, А07)
6. Технички правилник за соодветниот куп-натпревар

## VI. ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ

**Член 17**

Пристапот на натпревар започнува во приемниот простор каде што се извршува прием на пилоти (и копилоти) и се преземаат стартните броеви и пропагандниот материјал (налепници и сл.)

Следи техничкиот прием на натпреварувачките возила (и заменските склопови). Техничкиот прием ги подразбира следниве проверки:

- дали возилото одговара (визуелна проверка) на категоријата, класата, групата за којашто е пријавено
- општ изглед на возилото според хомологациските листови и правилниците
- проверка на безбедносната опрема (заштитен кафез, противпожарен апарат, сигнални светла, куки за влечење, седишта со појаси и сл.)
- проверка на опремата на пилотот и копилотот (комбинезон, кацига, долен веш, ракавици, чевли и сл.)
- стартните броеви, задолжителни налепница.

**Член 18**

Обврска на натпреварувачите е на техничкиот прием да дојде со уредно (измиено) возило, опремено за натпреварување, со поставени стартни броеви, созадолжителни налепници на Организаторот / спонзорот, со името на пилоти ( и копилоти, на рели натпревари) како и со националното знаме (на меѓународни натпревари) на, за тоа, предвидено место.

**Член 19**

По барање на водителот на ТКО пилотот е должен да го даде на увид хомологацискиот лист (со додатоците) на своето возило како и *Книшката на натпреварувачкото возило.* Сите подоцнежни проверки се засноваат на податоците од покажаниот хомологациски лист.

**Член 20**

Организаторот е должен за извршувањето на техничкиот прием да одреди / подготви доволно голем и покриен простор којшто е пристапен за возилата. Пожелно е просторот за техничкиот прием да се наоѓа близу до местото на верификација.

Ваков простор се препорачува ( но не е задолжителен) и на натпреварите во дисциплините А09 и А07.

## VII. ВОНРЕДЕН ПРЕГЛЕД

**Член 21**

ТКО може во секој момент во текот на натпреварот да изврши вонреден преглед (блиц-контрола) на возилото, а особено по налог на директорот или жирито. Вакви контроли обично се спроведуваат во предстартниот простор и по брзинските испити на рели натпревари.

Преглед на моторниот простор, како и просторот на внатрешноста на возилото (кабината) може да биде извршен само со присуство на пилотот на возилото или службениот претставник на натпреварувачот.

## VIII.ЗАВРШЕН ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА АТПРЕВАРОТ

**Член 22**

ТКО завршниот преглед (контрола) на возилото на натпреварот го врши по налог на жирито на натпреварот.

Натпреварувачот чиешто возило е предмет на завршниот преглед е должен да обезбеди механичар и алат за преглед и можно расклопување на возилото. Натпреварувачот исто така нема право на надоместување на трошоците коишто можат да настанат за време на тој преглед (освен трошоците за потрошниот материјал / делови коишто се нужни за повторно склопување). Натпреварувачкото возило може да биде подлежно на технички преглед без оглед на редоследот на натпреварувањето.

На завршниот преглед на рели натпревар завршната контрола мора да ги вклучи проверките на:

- вешање
- кочници
- менувач
- складност на шасијата/ каросеријата
- турбополначот.

**Член 23**

По извршениот завршен преглед се пополнува соодветен образец, којшто го потпишува пилотот / натпреварувачот чиешто возило било предмет на контрола. Во случај пилотот да не сака да го потпише наодот, возилото задолжително останува под надзор на Организаторот на натпреварот до конечната проверка за којашто одлучува жирито на натпреварот.

## IX. ОДВИВАЊЕ НА ЗАВРШНИОТ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД ПО ПРИГОВОР

**Член 24**

Приговорите по кои се бара контрола на возилото се поднесуваат најдоцна 30 минути по објавувањето на привремените резултати за поединечните класи.

**Член 25**

Приговорите задолжително се поднесуваат посебно за секое возило со наведување на членот од Правилникот или од хомологацискиот лист според кој се бара проверка на возилото, односно соодветниот склоп.

Пред прифаќање на приговорот од страна на жирито на натпреварот, водителот на ТКО со својот потпис на вложениот приговор мора да потврди дали истиот е јасно формулиран и како таков да може да се прифати. Жирито во договор со водителот на ТКО донесува проценка на трошоците на прегледот а поради уплата задолжителна гаранција (уплата во готовина). Ако вложувачот на приговорот во рокот одреден од жирито не ја уплати бараната гаранција, приговорот нема да се прифати.

Без налог / одлука на жирито на натпреварот, ТКО нема да почне со контролата (проверката) на возилото за коешто е вложен приговорот.

**Член 26**

Во текот на контролата имаат право да присуствуваат членовите на ТКО коишто воедно ги извршуваат и потребните мерења и пилотот или лицето овластено од страна на пилотот чиешто возило се контролира. Освен наведените лица, текот на контролата можат да го следат директорот на натпреварот и еден од членовите на жирито.

Пилотот не може да ја одбие контролата, а во случај да одбие ќе се смета дека возилото е неисправно, а пилотот подлегнува на дисциплинска постапка.

**Член 27**

Пилотот на чиешто возило е вложен приговор, односно неговиот механичар, е должен да ги изврши сите механичарски работи со цел деловите на кои е вложен приговорот да ги стави на увид на комисијата во разумен рок. Пилотот исто така е должен да го обезбеди целиот алат којшто е потребен за контрола на едно возило.

**Член 28**

Финансиските работи околу поднесениот приговор ги води Организаторот на натпреварот. Во случај на неоправдан приговор гаранцијата служи за покривање на трошоците поврзани со проверките на возилото како што се:

- задржување надвор од, според програмата на натпреварот, предвидените сатници на водителот на ТКО и неговиот помошник поради мерење и составување на записник

- задржување на пилотот и неговото овластено лице поради извршување мерење на предметното возило, исто така надвор од, според програмата на натпреварот, сатниците
- користење на влечно возило, освен за превоз на возилото до работилницата на Организаторот
- наем на работилницата, надвор од сатницата предвидена според програмата на натпреварот
- трошок за склопување на возилото, деловите и потрошниот материјал (масло, заптивки и сл.)

За сите приговори и проверки на возилото Организаторот е должен да води евиденција на трошоците.

**Член 29**

Подносителот на приговорот или неговиот овластен застапник има право да ја прекине работата на ТКО доколку забележи зголемување на трошоците на истата. Дотогаш настанатите трошоци ги подмирува поднесителот на приговорот. Барање за прекин на контролата може да поднесе и пилотот за којшто е поднесен приговорот. Со тоа ја признава неисправноста на своето возило.

**Член 30**

По извршениот технички преглед на основа на поднесениот приговор, доколку се покаже дека тој е неоправдан, на пилотот, чиешто возило било контролирано (расклопено), поднесителот на приговорот мора да му ги подмири сите трошоци за повторното склопување, а Организаторот на натпреварот притоа ги презема сите административни процеси за таа постапка ( (документација, испорака на сметка, плаќање и сл).

Спецификација на трошоци се составува според нормативот и ценовникот на фабричкиот сервис за предметниот тип на возило. Во случај натпреварувачот да докаже дека неговото возило го подготвила специјализирана работилница, нивната спецификација е основа за плаќање на трошоците на повторното склопување.

Во случај ако уплатената гаранција не е доволна за подмирување на вкупните трошоци за коишто станува збор во овој член, дополнителна уплата мора да биде извршена во законски рок од примање на конечната пресметка од Организаторот на натпреварот. Во спротивно, клубот на "оштетениот пилот" доставува известување до телото на АФМ надлежно за тоа, коешто веднаш покренува барање за суспендирање кај дисциплинскиот судија за авто-спортови на АФМ.

**Член 31**

По извршената проверка по приговор, водителот на ТКО на натпреварот пополнува Записник со сите потребни податоци за извршените мерења.

Записникот во продолжение мора да содржи и Решение, односно Одлука на водителот на ТКО во врска со техничката исправност на возилото и се доставува до директорот или до жирито на натпреварот за истите да донесат конечна одлука.

Организаторот на натпреварот е должен конечната одлука на жирито во писмена форма да ја достави до подносителот на приговорот и на пилотот чиешто возило било подлежно на преглед. Доколку приговорот се покаже оправдан, Записник може да добие и пилотот на контролираното возило само со посебно барање до Организаторот на натпреварот.

**Член 32**

Евентуална понатамошна жалбена постапка на која било странка во настанатиот спор се решава со одредбите на Правилникот за авто-спорт.

На утврдените мерки извршени на возилото во текот на прегледот на истото, повеќе не е можно да се бара арбитража на надлежните тела на АФМ.

## X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 33**

Толкување на одредбите на овој Правилник на натпреварите е во надлежност на жирито на натпреварот, а во понатамошна жалбена постапка - Апелациската комисија на АФМ.

**Член 34**

Овој правилник е одобрен на седницата на Одборот за автоспорт на АФМ а ќе се применува од денот на неговото објавување.

| | |
|---|---|
| Техничката комисија<br>за Авто-Спорт на АФМ<br>Претседател | Одборот за Авто Спорт<br>на АФМ<br>Претседател |
| Ристо Делев | Ранко Станојковски |